Општина Радовиш
број 35-497/4
дата 10.03.2023 год.

До
**МЕТАМОРФОЗИС**
**Фондација за интернет и општество**
**ул."Апостол Гусларот" бр.40,**
**1000 Скопје, РСМ**
**e-mail: info@metamorphosis.org.mk**

**Предмет:** Одговор по барање наш бр. 35-497/1 од 06.03.2023 година
ваш бр. нема од 21.12.2023 година

Во врска со вашето барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, ви доставуваме одговор на вашето барање по електронски на е-маил: **info@metamorphosis.org.mk.**

Во прилог:
- Записник;
- Решение;

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
Весна Конзулова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 35-497/2
10.03. 2023 год.
Радовиш

Согласно член 20 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер (Сл.Весник на РСМ 101/2019), имателот на инормација ЕЛС ОпштинаРадовиш на барање на барателот на информација, МЕТАМОРФОЗИС – Фондација за интернет и општество, Скопје, на ден 07.03.2023 година, овластеното лице од имателот на Информација го изготвува следниот:

### ***З А П И С Н И К***

Записникот е составен на ден 07.03.2023 година во 14 часот во просториите на локалната самоуправа, помеѓу овластеното лице од ЕЛС Радовиш, како имател на информации од јавен карактер Весна Конзулова, во отсуство на претставник од барателот на информација.

На барателот на информација овозможено му е одговор по електронски пат за што се изготви овој записник. Барањето со архивски број *нема* од 21.12.2022 година, добиен на маил, а примено со наш архивски број 35-497/1 од 06.03.2023 година, а се однесува на Буџетите на општината (приходи и расходи) за последните единаесет години, односно во периодот од 2011 година до 2022 година.

Овие податоци кои ги доствувам се од секторот за финансирање и буџет при ЕЛС Општина Радовиш.

Овластеното лице од имателот на информации со направениот тест за штетност утврди дека дадените информации не подлежат на заштитени, односно класифицирани информации и дека истите можат и се достапни за јавноста.

**ОДГОВОР:**

Во електронска форма ги доставуваме Буџетите на ЕЛС Општина Радовиш за периодот од 2016та година до 2023та година (информација со која располагаме во моментот).

Доколку е потребна информација за Буџетите од 2011та до 2015та година, ќе ни биде потребно подолг временски период за да ви ги доставиме.

Доколку овие податоци се доволни ве замолувам да не известите.

Ако имате потреба од други дополнителни податоци сме на располагање.

Записникот да се достави на маил адреса на барателот **info@metamorphosis.org.mk**.

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
**Весна Конзулова**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„УПРАВЕН ОРГАН"
ОПШТИНА РАДОВИШ

# ОПШТИНА РАДОВИШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 35-497/3
10.03. 2023 год
Радовиш

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот МЕТАМОРФОЗИС – Фондација за интернет и општество, со наш архивски број 35-497/1 од 06.03.2023 година, Општина Радовиш го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Барањето од **МЕТАМОРФОЗИС – Фондација за интернет и општество**, со наш архивски број 35-497/1 од 06.03.2023 година, **СЕ УВАЖУВА.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер, а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на барателот МЕТАМОРФОЗИС – Фондација за интернет и општество, со наш архивски број 35-497/1 од 06.03.2023 година Општина Радовиш **со ова Решение го уважи Барањето.**

Во таа насока, а по претходно постапување на Секторот за финансирање и буџет на Општина Радовиш, ве информираме дека во електронса форма ги испраќаме Буџетите од 2016-2023 година (Електронска информација со која располагаме во моментот).

Согласно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер -во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
Весна Конзулова

**ОПШТИНА РАДОВИШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Аце Ристов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ГРАДОНАЧАЛНИК · ОПШТИНА РАДОВИШ